23.05.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во Медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Васко Маглешов за текстот насловен „СДСМ и Сорос со пари на УСАИД добија уште еден медиум“, објавен на интернет порталот Журнал (Zurnal.net).**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите е прекршен во членот 1, 13 и 16.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 16***

*„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги“.*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 06.04.2017 година, Васко Маглешов поднесе жалба за текстот со наслов „СДСМ и Сорос со пари на УСАИД добија уште еден медиум", објавен на 05.04.2017 година во 15 часот и 59 минути на интернет порталот Журнал (Zurnal.net).

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст известувањето е неточно и нефер и дека содржи елементи на навреда и клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, се обиде, но не успеа да стапи во контакт со интернет порталот Журнал и да побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата, бидејќи наведениот портал нема наведено е-маил адреса, поштенска адреса или број на телефон за остварување комуникација по службена должност.

Комисијата најде дека жалбата во однос на текстот е **ОСНОВАНА.**

***

При своето одлучување Комисијатата ја зеде предвид и Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите (усвоена од Комитетот на министрите на 872 состанок одржан на 12.02.2014 год.) во делот **"Потсетувајќи на тоа дека уживањето на слободата на изразување со себе носи задолженија и одговорности, кои професионалните кадри од областа на медиумите мораат да ја имаат на ум, како и на тоа дека тоа (изразувањето) може да биде ограничено за да се одржи рамнотежа меѓу користењето на ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата..."**

***

На седницата на 08.05.2017 година, Комисија за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид на наведениот текст. Најпрво, Комисијата констатираше дека таа не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата утврди дека во текстот има низа тврдења за политичко дејствување на група новинари, кои наменски биле ангажирани да работат во новинската агенција Макфакс и тоа конкретниов текст:

***„Во новинарската екипа која треба да работи во новиот проект на СДСМ и СОРОС, а финансиран со пари од УСАИД влегуваат новинари кои важат за исклучително блиски и со***

***голема доверба од СДСМ, како Љубиша Арсиќ, доскоро вработен во Фокус кого јавноста го памети како директно вмешан во фабриката за афери на Захир Беќири Чауш како линк преку кој се лиферуваа креираните манипулации и лаги, Слободанка Јовановска од Утрински весник, Гордана Дувњак од Утрински Весник, Васко Маглешов и уште неколку други имиња, кои како што се шпекулира, дел биле дел од платниот список на СОРОС за кој информираа медиумите во изминатиот период".***

Поради ваквата обработка на новинарскиот производ, Комисијата за жалби утврди дека авторот **постапил БЕЗ потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија** и изнел тврдења, без да побара став од новинарите кои во текстот се наведени со име и презиме и со фотографии, или пак, од новинската агенција. Со тоа, медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите. Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа што новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебо неповрзани извора.

Во продолжение, членовите на Комисијата најдоа дека авторот во повеќе наврати своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите и меѓу другите со конкретнава реченица:

***„Ова преставува уште еден доказ како со парите на даночните обврзници на САД, со кои располага УСАИД, во Македонија СДСМ и СОРОС директно учествуваат во партизирање на медиуми и нивно злоупотребување во партиски и политички цели".***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации.

Понатаму, Комисијата за жалби утврди дека е прекршен и членот 16 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги. Конкретно, авторот ја изнесува следнава реченица:

***„Истите новинари кои беа дел од „фабрика 1" и сега се на платен список, со тоа што сега станува збор за многу поголеми суми".***

Ниту новинарите, ниту уредниците не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот Журнал (Zhurnal.net), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595